РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-496/2
01.03.2024 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Рурална Коалиција, ул. Јордан Пиперката бр. 15, Кичево со број 10-496/1 од 20.02.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 01.03.2024 го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Рурална Коалиција, заверено под број 10-496/1 од 20.02.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Рурална Коалиција, преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 20.02.2024 година заверено под број 10-496/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: дигитализација на јавните услуги на општината и кои улсуги се испорачуваат кон граѓаните и пристап до нив; определбите за дигитализација дали општината издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки за дигитализација на услугите; дали се спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува дека дигитализација на јавните услуги на општинско ниво се спроведува во Сектор за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и преку гранична соработка, Одделение за администрирање на даноци такси и надоместоци, Сектор за животна средина и истите се објавени на официјалната веб страница на Општина Ресен и тоа во делот на е-општина(Е-Општина – Општина Ресен (resen.gov.mk)); во врска со второто прашање ве информираме дека Општината не издвојува буџетски средства за дигитализација на услугите;во врска со третото прашање ве информираме дека не се спроведува редовно годишно анкетирање и секој предлог кој самоиницијативно се доставува од страна на граѓаните го имаме во предвид и секако дека се разгледува можноста за подобрување на е-услугите.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН